Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/12,17/13, 21/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/14), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден .12.2024 година донесе

# ОДЛУКА
## за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2025 година

### Член 1

Пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2025 година се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во 2024 година, на подрачјето на општината согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

### Член 2

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2025 година се зема во предвид култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, можности за иригација и користење на машинерија, апсорпција на вода и сл.

### Член 3

Катастарските општини во рамките на подрачјето на Општина Велес се поделени во групи според местото каде земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади се наоѓаат.

Според тоа пазарната вредност на земјоделско земјиште за метар квадратен изнесува:

- **I ГРУПА**

<table>
<tr><td rowspan="3">Катастарска Општина</td><td rowspan="3">Класа</td><td colspan="4">Пазарна вредност по м$^2$ (во денари)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">ниви ливади шуми пасишта</td><td rowspan="2">лозја овош.</td><td colspan="2">во систем со вода, покрај вода</td></tr>
<tr><td>ниви</td><td>Лозја,овоштарници</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 70 | 120 | 130 | 140 |
| 1. Башино село, | I | 65 | 115 | 125 | 135 |
| 2. Велес, | II | 60 | 110 | 120 | 130 |
| 3. Горно Оризари, | III | 55 | 105 | 115 | 125 |
| 4. Долно Оризари | IV | 50 | 100 | 110 | 120 |
| | V | 40 | 95 | 105 | 115 |
| | VI | 35 | 90 | 100 | 110 |
| | VII | 30 | 85 | 95 | 105 |
| | VIII | | | | |

- **I -A група**

| Катастарска Општина | Класа | во систем со: вода, покрај вода | |
|---|---|---|---|
| | | ниви<br>ливади<br>шуми<br>пасишта | лозја ,<br>овоштарници |
| 1. Велес<br>2. Башино село<br>Во делот кој го опфаќа Речниот појас на реката Вардар со места викани:<br>1. Среден пат<br>2. Лака<br>3. Дрењевица<br>4. Бавчи<br>5. Шорка<br>6. Јолџик<br>7. Умин дол<br><br>и други места во овие локалитети за земјиште кое не е влезено во градежен реон. | I<br>II<br>III<br>IV<br>V<br>VI<br>VII<br>VIII | 200<br>180<br>160<br>140<br>100<br>85<br>75<br>65 | 350<br>320<br>300<br>280<br>260<br>220<br>190<br>160 |

- **II ГРУПА**

| Катастарска Општина | Класа | Пазарна вредност по м2 (во денари) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја овош | во систем со вода |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | шуми пасишта | | Ниви | Лозја и овоштарници |
| 1. Бузалково<br>2. Клуковец<br>3. Горно Караслари<br>4. Долно Караслари<br>5. Иванковци<br>6. Кумарино<br>7. Мамутчево<br>8. Новачани<br>9. Ораовец<br>10. Раштани<br>11. Црквино<br>12. Чолошево | I<br>II<br>III<br>IV<br>V<br>VI<br>VII<br>VIII | 60<br>58<br>56<br>54<br>52<br>50<br>45<br>30 | 75<br>70<br>65<br>60<br>58<br>55<br>50<br>40 | 80<br>75<br>70<br>65<br>60<br>58<br>55<br>45 | 100<br>90<br>80<br>70<br>60<br>50<br>40<br>30 |

- II-А ГРУПА

| Катастарска Општина | Класа | Пазарна вредност по $м^2$ (во денари) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ниви ливади шуми пасишта | лозја овош. | во систем со вода, покрај вода | |
| | | | | ниви | Лозја,овоштарници |
| 1. Отовица,<br>2. Сојаклари | I<br>II<br>III<br>IV<br>V<br>VI<br>VII<br>VIII | 100<br>95<br>90<br>85<br>80<br>70<br>65<br>60 | 150<br>145<br>140<br>135<br>130<br>125<br>120<br>115 | 160<br>155<br>150<br>145<br>140<br>135<br>130<br>125 | 170<br>165<br>160<br>155<br>150<br>145<br>140<br>135 |

- **III ГРУПА**

| Катастарска Општина | Класа | Пазарна вредност по $м^2$ ( во денари ) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ниви шуми пасишта | лозја овош | во систем со : вода, покрај вода | |
| | | | | ниви | лозја , овоштарници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Белештевица<br>2. Ветерско<br>3. Карабуњиште<br>4. Крушје<br>5. Лугунци<br>6. Ново село-Велес<br>7. Рлевци<br>8. Рудник<br>9. Сливник<br>10. Слп<br>11. Сопот<br>12. Џидимирци | <br><br>I<br>II<br>III<br>IV<br>V<br>VI<br>VII<br>VIII | <br><br>15<br>14<br>12<br>8<br>6<br>5<br>4<br>3 | <br><br>24<br>20<br>18<br>15<br>13<br>10<br>8<br>5 | <br><br>22<br>20<br>18<br>14<br>10<br>8<br>6<br>4 | <br><br>30<br>28<br>24<br>18<br>15<br>10<br>8<br>6 |

**Член 4**

Во Катастарските општини: Велес, Башино село, Отовица, Горно Каласлари, Долно Каласлари, Горно Оризари, Долно Оризари, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Иванковци, Карабуњиште, Клуковец, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Раштани, Рлевци, Рудник, С'лп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци и во населбите Превалец и Речани кои се наоѓаат на територијата на Општина Велес, земјоделското земјиште, ливадите, шумите и пасиштата во овие места кое се наоѓаат на 100 метри од левата и десната страна на ПРИКЛУЧОКОТ или близина за локалниот, регионалниот односно на автопатот кој поминува кај некое од тие места) пазарната вредност на земјоделското земјиште изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| 350,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште, ливада,шума,пасиште | I бонитетна класа |
| 320,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума,пасиште | II бонитетна класа |
| 280,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума, ливада,пасиште | III бонитетна класа |
| 250,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума, ливада,пасиште | IV бонитетна класа |
| 200,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума, ливада, пасиште | V бонитетна класа |
| 180,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума, ливада, пасиште | VI бонитетна класа |
| 150,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума, ливада,пасиште | VII бонитетна класа |
| 100,00 ден. за м2 | за земјоделско земјиште,шума, ливада,пасиште | VIII бонитетна класа |

Пазарната вредност за неплодно земјиште се утврдува по вредноста утврдена за земјоделско земјиште, ливади, шума, пасишта од VIII класа.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во„Службен гласник на Општина Велес",а ќе се применува од 01.01.2025 година

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Оваа одлука се носи согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/12,17/13, 21/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/14) каде што во член 13 е предвидено дека Пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процената на земјиштето.

Врз основа на наведеното се предлага до Советот на Општина Велес донесување на оваа Одлука.